# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА БИЛАНСОТ НА УСПЕХ

**На Дебарски Бањи-Цапа АД Дебар за период 01.01-30-06.2023 година**

## 1. Финансиски податоци на акционерството друштво

Друштвото во шесте месеци од 2023 година од пружените услуги за бањско лекување и рехабилитација како основна дејност како и хотелиерство и угостителство и други споредни фејности оствари позитивен финансиски резултат од 2.676  мил. денари, додека во истиот период 2022 година е остварено позитивен финансиски резултат од 12,835 милиони денари.
Вкупните приходи од периодот 01.01.-30.06.2022 година изнесуваат  63.022 милиони денари и се намалени за 6.7% во соодност со истиот период од претходната 2022 година.
Вкупните трошоци од редовното работење до 30.06.2023 година. изнесуваат 60,346 милион денари и се зголемени за 8.1% во однос на 30.06.2022 година.

Притоа останатите финансиски показатели како што се степенот на финансиска сигурност, степенот на самофинансирање и општата ликвидност се на доста ниско ниво.

Со оглед на фактот дека друштвото има сезноски карактер на работењето, остварените резултати во првите шест месеци од тековната 2023 година се незадоволителни.

Во наредните месеци од 2023 година кои се и месеци на главната сезона, Менаџментот на друштвото ќе настојува да го подобри резултатот од работењето во однос на првите шест месеци.

## 2. Сметководствени политики и методи за вреднување

Во период од 01.01.-30.06.2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во ревидираните финансиски извештаии на друштвото.

## 3. Дивидента

Со распоредувањето на добивката за 2022 год. одобрено е дивиденда во износ од **4,998 мил. денари.**

4. **Обрски по кредити**

Друштвото има обврски по краткорочни и долгорочни кредити кои во период од 01.01-30.06.2021 година во соодност со истиот период од претходната 2022 година се намалени поради покривање на обврски.

5. **Инвестиции**

Друштвото во текот на шесте месеци од 2023 година направи нови вложување во износ од 501.447 денари за набавка на опрема и во одржување на посојната опрема во своите објекти додека инвестициите во тек за зголемување на капацитетите за сместување изнесуваат 12.224.742 денари.

Своите идни инвестициони активности друштвото во контуинитет ги насочува кон зголемување, реновирање и модернизација на постојните капацитети за сметстување и рекреација како и кон подобрување на условите за работа, спроведување на нови закосни регулативи и задолжително спроведување на нови стандарти за брендираните хотели и тековното одржување.

Во извештајниот период друштвото нема продажба и отпис на постројки и опрема.

6. **Планирани активности**

Планираните активности на друштвото за 2023 година се во согласност со сите законски регулативи, како и со стратегијата на развој на друштвото, која во услови во кои се наоѓаме како резултат на пандемијата не можат да се споредуваат. Тоа значи дека работењето на друштвото е условена од очекувањата за подобрување на здраствените услови влошени од појавата на  COVID-19.

**Дебарски Бањи - Цапа АД Дебар**